Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk

ПЛАТФОРМА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

# ПОТРЕБНИ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧЕН ЗАКОНИК

***Јануари 2022***

**Со ратификацијата на Истанбулската Конвенција во декември 2017 година, Република Северна Македонија** се обврза да преземе законодавни и други мерки заради обезбедување на правна, институционална и организациска рамка за превенција на насилството врз жените, заштита на жртвите на насилство, како и казнување на сторителите на насилството. Со ратификувањето, Конвенцијата стана дел од правниот поредок, па се наметна потребата од усогласување на постоечката правна и институционална рамка со одредбите предвидени во овој документ. За таа цел, Владата во октомври 2018 година го донесе петгодишниот Национален Акциски План за спроведување на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жени и семејно насилство (2018-2023).

Националниот акциски план има три основни цели:

1. Усогласување на законската рамка со одредбите на Конвенцијата
2. Воспоставување општи и специјализирани сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родово базирано и семејно насилство
3. Спроведување активности за превенција од родово базирано и семејно насилство.

Во однос на првата цел Усогласување на законската рамка со одредбите на Конвенцијата, Министерството за правда беше задолжено секоја година да носи годишен оперативен план кој би помогнал во успешната имплементација на активностите. Во нивна надлежност беше и подготовката на законските измени на Кривичниот Законик и усогласување на истиот со одредбите од Истанбулската Конвенција. Оваа активност беше планирано да биде спроведена во втората половина од 2019 година. Од спроведениот мониторинг извештај[1] на Националната Мрежа против

[1] Извештај за напредокот на Р. Северна Македонија при спроведувањето на националниот акциски план за имплементација на Истанбулската Конвенција за период од октомври 2018-октомври 2020 достапен на следниот линк

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство
Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk



насилство врз жените и семејно насилство за напредокот на Државата при спроведувањето на активности предвидени во НАП-от за период од октомври 2018 до октомври 2020 година, во однос на оваа активност добиен е следниот наод ,, *Формирана е работна група за измени и дополнувања на законот во рамки на Министерството за правда во која граѓанските организации не се поканети да учествуваат, иако соработката со нив е предвидена и во НАП-от за имплементација на ИК. Според тоа, граѓанските организации немаат можност да го следат процесот и да бидат дел од утврдувањето на законскиот текст.*
*Пред формирањето на оваа група, во периодот кој претходеше, Кривичниот законик е разгледуван и дополнуван од затворена работна група формирана МАНУ и ОБСЕ.”*

Кон крајот на месец јули 2021 година до Собранието беше поднесен предлог на законот за измени и дополнување на Кривичниот Законик[2] на Република Северна Македонија. Во самиот документ е назначено дека измените и дополнувањата се работени заедно со *судии, јавни обвинители и професори, а во работната група која е поддржана од ОБСЕ учествуваа и бројни меѓународни експерти од оваа област, како и претставници на невладините организации. Предлогот на Законот беше доставен на мислење до Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Адвокатската комора, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур, Здружението на новинари, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за внатрешни работи и Секретаријатот за законодавство.*

**Откако беше објавен текстот на предлог законот за измени и дополнувања на Кривичниот законик, Националната Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство организираше две консултативна средба со граѓански организации кои работат на оваа проблематика. Средбите се одржаа на 16 септември и 20 декември 2021 година на платформата ЗООМ, а присуствуваа организации членки на Националната мрежа, организации членки на Платформата за родова еднаквост , ХОПС-опциза здрав живот Скопје, Коалиција за правично судење и Здружението на млади правници.**

По детално разгледување на предлог измените и дополнувања кои се предвидени, а се однесуваат на усогласувањето со меѓународните стандарди и Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство (Истанбулска конвенција), заклучокот на ГОи е дека иако се задоволителни, сепак не се целосни, односно постои можност за подобрување, а во насока на посеопфатна и поефективна заштита на жените жртви на родово базирано и семејно насилство.

[2] Предлог измените и дополнувањата на Кривичниот Законик може да се видат на ЕНЕР на следниот линк

Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk


Во делот што следи, детално се претставени постоечките кривични дела, предлог измените и дополнувања на Министерството за правда и предлог измените и дополнувања на ГОи, кои произлегоа како заклучоци од одржаните работни средба и од спроведената јавна расправа на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените во Собранието на Република Северна Македонија на ден 15.12.2021 година.

# I. ПРЕДЛОГ ИЗМЕНИ НА КРИВИЧЕН ЗАКОНИК СО КОИ ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ СЕ СОГЛАСНИ

## Чл.122-Поимник ст.21 семејно насилство

**Како е моментално регулирано во КЗ:** Под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.

**Предлог измена на Министерството за правда:** Под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко **или економско насилство** со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, **вклучувајќи и закани за такви дејствија** спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема **сегашен** или поранешен брачен другар, **вонбрачен партнер** или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, **без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.**

**Заклучок 1: Предлог дефиницијата е сеопфатна, ги препознава сите форми на насилство и блиските лични односи и е во согласност со новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. ГОи се согласуваат со предлогот на Министерството за правда.**

## Чл.122-Поимник, ст.22 - жртва на родово базирано насилство - нов став во предлогот

**Предлог дополнување на Министерството за правда:** Под жртва на родово-базирано насилство се подразбира секоја жена и девојчиња до 18 години спрема кои под тие околности е сторено кривичното дело.

**Заклучок 2: ГОи се согласуваат со предлогот на Министерство за правда.**

Национална
мрежа
против насилство врз
жените и семејното
насилство
Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk



## Чл.125-Убиство во миг

**Како е моментално регулирано во КЗ:** Тој што друг ќе лиши од живот на миг, доведен без своја вина во состојба на силна раздразнетост со напад или со тешко навредување или како последица на семејно насилство од страна на убиениот, ќе се казни со затвор од една до пет години.

**Предлог измена на Министерството за правда:** Тој што друг ќе лиши од живот на миг, доведен без своја вина во состојба на силна раздразнетост со напад или со тешко навредување или како последица на семејно насилство, **родово базирано насилство врз жените или насилство врз жените од страна на убиениот,** ќе се казни со затвор од една до осум години.“

**Заклучок 3: ГОи се согласуваат со предлогот на Министерство за правда.**

## чл.131-Тешка телесна повреда се менува став 2

**Како е моментално регулирано во КЗ:** (1) 1) Тој што друг тешко телесно ќе го повреди или здравјето тешко ќе му го наруши, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. (2) Тој што ќе го стори делото од став 1 при вршење семејно насилство, ќе се казни со затвор од една до пет години.

**Предлог измена на Министерството за правда:** (2) Тој што ќе го стори делото од ставот (1) на овој член **при вршење родово базирано насилство**, **насилство врз жена** или семејно насилство **или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст**, **тешките телесни или душевни пречки или бременост**, ќе се казни со затвор од една до пет години.

**Заклучок 4: ГОи се согласуваат со предлогот на Министерство за правда.**

## Чл.144 - Загрозување на сигурност се менува во целост

**Како е моментално регулирано во КЗ:** (1) Тој што ќе ја загрози сигурноста на друг со сериозна закана дека ќе нападне врз неговиот живот или тело или животот или телото на нему блиско лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци. (2) Тој што ќе го стори делото од став 1 при вршење семејно насилство, ќе се казни со затвор од три месеци до три години. (3) Со казната од став 2 ќе се казни тој што делото од став 1 ќе го стори спрема службено лице во вршењето на службата или спрема повеќе лица. (4) Тој што по пат на информатички систем ќе се закани дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна против некое лице поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на

маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со казна затвор од една до пет години. (5) Гонењето за делото од став 1 се презема по приватна тужба.

**Предлог измена на Министерството за правда:** 1)Тој што **сериозно му се заканува** на друг дека ќе нападне врз неговиот живот или тело или животот или телото на нему блиско лице **со намера да го вознемири или заплаши, е предизвикано чувство на несигурност, загрозување или страв на жртвата, сторителот ќе се казни со парична казна или затвор до една година.** 2) Тој што ќе го стори делото од ставот (1) на овој член при вршење **родово базирано насилство, насилство врз жена** или семејно насилство или од **омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост, ќе се казни со затвор од три месеци до три години**. 3) Со казната од ставот (3) на овој член ќе се казни тој што делото од ставот (1) на овој член ќе го стори спрема службено лице во вршењето на службата, **адвокат, лекар или друг здравствен работник, новинар или друг медиумски работник или друго лице што врши работи од јавен интерес при вршењето на професионалните задачи или во врска со вршењето на професионалните задачи кои ги презема во рамките на своите овластувања или спрема повеќе лица**. 4) Тој што јавно или по пат на информатички систем ќе се закани дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна против некое лице поради неговата припадност на одредена раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа предвидена со закон или меѓународен договор ратификуван согласно Уставот на Република Северна Македонија, ќе се казни со казна затвор од една до пет години. 5) Гонењето за делото од ставот (1) на овој член се презема по приватна тужба."

**Заклучок 5: ГОи се согласуваат со предлогот на Министерство за правда.**

## Чл.188- Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години-се менува насловот и целиот член

**Како е моментално регулирано во КЗ:** (1) Тој што ќе изврши обљуба или друго полово дејствие врз дете кое не наполнило 14 години, ќе се казни со затвор најмалку 12 години. (2) Ако поради делото од став (1) настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор најмалку 15 години или со доживотен затвор. (3) На сторителот на делото од ставот (2) на

овој член судот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б од овој законик.

**Предлог измени на Министерството за правда:** **Силување на дете кое не наполнило 15 години.**

**(1) Тој што ќе изврши полов однос или друго со него изедначено полово дејствие што се состои во вагинална, анална или орална пенетрација, со било кој дел од телото или предмет во телото врз дете кое не наполнило 15 години, ќе се казни со затвор најмалку осум години.**

**(2) Тој што делото од ставот (1) на овој член го изврши со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, или спрема немоќно дете кое не наполнило 15 години, ќе се казни со затвор од најмалку десет години.**

**(3)** Ако поради делото од ставовите (1) и (2) на овој член настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин или од омраза, сторителот **ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.**

**(4)** На сторителот на делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член судот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 55 од овој законик.

**(5) Ако сторителот изврши друго полово дејствие кое не се состои во вагинална, анална или орална пенетрација, со било кој дел од телото или предмет во телото, ќе се казни со најмалку три години.**

**Заклучок 6: ГОи се согласуваат со предлогот на Министерството за правда.**

## Чл.191 Посредување во вршење на проституција - се менува ставот 3

**Како е моментално регулирано во КЗ:**1) Тој што врбува, наведува, поттикнува или намамува лице на проституција или тој што на кој и да е начин учествува во предавање на лице на друг заради вршење проституција, ќе се казни со затвор од пет до десет години.(2) Тој што заради заработувачка му овозможува на друг користење на сексуални услуги, ќе се казни со затвор од три до пет години. (3) Тој што организира вршење на делата од ставовите (1) и (2) или делата ќе ги стори при вршење на семејно насилство, ќе се казни со затвор најмалку десет години..

**Предлог измена на Министерството за правда:** „(3) Тој што организира вршење на делата од ставовите (1) и (2) или делата ќе ги стори **при вршење на семејно или родово-базирано насилство врз жените,** ќе се казни со затвор најмалку десет години.**“**

.

**Заклучок 7: ГОи се согласуваат со предлогот на Министерството за правда.**

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство
Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk



## II. ПРЕДЛОГ ИЗМЕНИ НА КРИВИЧЕН ЗАКОНИК КОИ ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ СМЕТААТ ДЕКА МОЖЕ ДА СЕ УНАПРЕДАТ, ПРОМЕНАТ И ДОПОЛНАТ

### Чл.122-Поимник, ст.43 насилство врз жените и ст.44 - родово базирано насилство врз жените - нови два става во предлогот

**Предлог дополнување на Министерството за правда:**

**ст. 43 Под насилство врз жените** се подразбираат сите дејствија што доведуваат или може да доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

**ст. 44 Под родово базирано насилство врз жените** се подразбира насилство насочено против жената поради нејзина припадност на женскиот род што доведува или може да доведе до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.“

**Заклучок: ГОи сметаат дека треба да се додаде само став 44, односно да остане само дефиницијата за родово базирано насилство врз жените бидејќи е поопшт поим и истиот е посеопфатен. Дополнително, ГОи предлагаат овој став да се додаде по дефинирањето на семејното насилство во став 22, а потоа да следи и дефинирањето на жртва на РБН.**

**Чл.122-Поимник -да се додаде нов став во кој ќе се дефинира кои се лица со попреченост и треба да гласи: Лица со попреченост се оние лица со долготрајни физички, ментални, сетилни или интелектуални оштетувања, кои во интеракција со различни бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите.**

**Дополнување: Дефиницијата е од Конвенцијата** за унапредување на правата на лицата со попреченост регулирано во чл.1 став 2 од истата. Конвенцијата нашата држава ја има ратификувано во декември 2011 година.

### Чл.123 - Убиство се менува дел од ставот 2

**Како е моментално регулирано во КЗ.** 1) Тој што друг ќе лиши од живот ќе се казни со затвор најмалку пет години. (2) Со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор ќе се казни тој што:

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство
Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk


1) друг ќе лиши од живот на свиреп или подмолен начин,
2) друг ќе лиши од живот при вршење на семејно насилство,
3) друг ќе лиши од живот и притоа со умисла ќе го доведе во опасност животот на уште некое лице,
4) друг ќе лиши од живот од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело,
од безобзирна одмазда или од други ниски побуди,
5) друг ќе лиши од живот по порачка,
6) друг ќе лиши од живот заради вадење на орган, ткиво или клетки за пресадување;
7) ќе лиши од живот женско лице за кое знае дека е бремено или малолетно лице и
8) ќе лиши од живот судија, јавен обвинител или адвокат, при вршењето на неговата функција, односно дејност или службено или воено лице при вршењето на работите на јавната или државната безбедност или на должноста чување на јавниот ред, фаќање на сторител на кривично дело или чување на лице лишено од слобода.

**Предлог измена на Министерството за правда:**
Точката 2) се менува и гласи:
**„2) друг ќе лиши од живот при вршење на семејно насилство или родово базирано насилство врз жените.“**
Точката 7) се менува и гласи:
„**7**) **ќе лиши од живот женско лице за кое знае дека е бремено или дете**, и“
Точката 8) се менува и гласи:
**„8)** ќе лиши од живот судија, јавен обвинител при вршењето на неговата функција, односно дејност, адвокат, **лекар или друг здравствен работник, новинар или друг медиумски работник или друго лице што врши работи од јавен интерес при вршењето на професионалните задачи или во врска со вршењето на професионалните задачи кои ги презема во рамките на своите овластувања или** службено или воено лице при вршењето на работите на јавната или државната безбедност или на должноста чување на јавниот ред, фаќање на сторител на кривично дело или чување на лице лишено од слобода.“

**Заклучок: Додавањето на поимот родово базирано насилство врз жените кај квалификираниот облик на основното кривично дело Убиство во став 2 точка 2 не е доволно за соодветно квалификување и препознавање на делото фемицид односно убиство на жена, па оттаму предлогот на ГОи е дополнување, односно специфицирање на потешкиот облик на убиство со додавање на нов став.**

**Предлагаме во став 2 точка 2 да остане квалификаторниот облик на делото:**
**„2) друг ќе лиши од живот при вршење на семејно насилство,**

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство
Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk



**Да се додаде нов став 3 кој ќе гласи:**
**„3) ќе лиши од живот жена/женско лице при вршење на семејно насилство и родово базирано насилство;**
**Во понатамошниот текст од членот да се променат бројките соодветно додадениот став.**

**Дополнување: Убиство при вршење на семејно насилство** - Овој облик на тешко убиство е воведен со Новелата на КЗ од 2004 година, за да се обезбеди засилена заштита на жртвите од семејно насилство. Околностите што на ова убиство му даваат потежок вид се две:

**прво**, што тоа вообичаено се извршува по претходно подолготрајно, повторувано (систематско) малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство спрема жртвата, што кај неа предизвикувало чувство на несигурност, загрозување или страв; и второ, што сторител и пасивен субјект се лица кои се наоѓаат во семејни или други блиски лични односи (брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи - чл. 123 ст. 19 КЗ). Со воведување на нов став ќе се опфатат конкретно убиствата на жени при вршење на семејно насилство како и убиствата при родово засновано насилство(нов термин дефиниран во став 44 од чл.122 -поимник) за препознавање на делото, ги содржи облиците кои можат да се јават при дефинирањето на фемицидот (**Родово базиран акт на убиство на жена, убиство на интимна партнерка/сопруга, смрт на жена како последица наинтимно партнерско насилство, женски фетицид, убиство на жена или девојка во „име на честа“)** и дополнително ќе може полесно да се дојде до статистички податоци.
**(повеќе информаци за убиствата на жени во Република Северна Македонија може да најдете на следниот линк https://glasprotivnasilstvo.org.mk/istrazhuvan-a-i-publikatsii/ )**

## Чл.129а - предлог ново кривично дело: Осакатување на женски полови органи

**Предлог дополнување на Министерството за правда:** 1.Тој што целосно или делумно ќе изврши отсекување, инфибулација или секое друго осакатување на надворешниот полов орган на жена, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. 2.Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што ќе присили жена да се подложи на дејствијата опфатени во ставот (1) на овој член.3 Тој што жена ќе поттикне или ќе и помогне да се подложи на дејствијата од ставот (1) на овој член, ќе се казни со парична казна или со затвор од шест месеци до три години 4. Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е сторено од омраза, или спрема девојче или е предизвикана тешка телесна повреда на жената , сторителот ќе се казни со затвор од една до осум години.5. Ако поради делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член настапила смрт на жената или девојчето , сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.“

**Заклучок: ГОи се согласни со предлогот за вклучување на ново кривично дело. Забелешката, односно сугестијата е да овој член следи веднаш по чл.131 - тешка телесна повреда, бидејќи**

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство
Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk



**самото дело преставува телешка телесна повреда.**

**Дополнително, кај ова кривично дело постои и загрозување на здравјето, <u>сметаме дека казните за вакво дело се ниско определени (</u>почетното одмерување на казната и тоа на основното дело од 6 месеци, а по другите ставови од 1 година затвор<u>) со оглед на тоа што со самиот акт се оставаат трајни последици по здравјето на жената</u> <u>посебно во контекст на сексуалното и репродуктивното здравје на жената</u>.**

**<u>Чл.130 - Телесна повреда се менува став 2</u>**

**Како е моментално регулирано во КЗ:** (1) Тој што друг телесно ќе го повреди или ќе му го наруши здравјето, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години. (2) Тој што ќе го стори делото од став 1 при вршење семејно насилство, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години. (3) Судот може на сторителот на делото од став 1 да му изрече судска опомена ако бил предизвикан со особено навредливо или грубо однесување на оштетениот. (4) Гонењето за делото од став 1 се презема по приватна тужба, а за ставот 2 по предлог.

**Предлог измени на Министерството за правда:** (2) Тој што ќе го стори делото од ставот (1) на овој член при **вршење родово базирано насилство**, **насилство врз жена** или семејно насилство **или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост**, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

**Заклучок: ГОи предлагаат уште едно дополнување и измена на ставот 4 а в.в. со ставот 2, односно <u>гонењето да се преземе по службена должност</u>, а не по предлог на жртвата.**

**Дополнување: жртвите опфатени во став 2 им треба храброст и самодоверба да го пријават насилството. Со самото тоа што пријавиле ја изразуваат својата потреба да добијат институционална заштита и преземање на понатамошни правни чекори против сторителот. Но, праксата покажува дека овие пријави многу често се повлекуваат поради притисок и закани од сторителот на насилството.** Со самото повлекување на пријавата сторителот може уште толку да се охрабри да продолжи со насилството знаејќи дека ја има контролата над волјата и однесување на жртвата, што понатаму може да доведе и до тешки телесни повреди, а во најлош случај и до фемицид. **Доколку гонењето се презема по службена должност, ќе се намали влијанието на сторителот во повлекување на пријавата, а со тоа ќе се овозможи отпочнување на постапка за соодветно казнување за извршеното насилство.**

## Чл.139 - Присилба Се менува во целост

**Како е моментално регулирано во КЗ:** (1) Тој што со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година. (2) Ако делото од став 1 е сторено при вршење семејно насилство, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години. (3) Ако делото од став 1 го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. (4) Гонењето за делото од став 1 се презема по приватна тужба.

**Предлог измена на Министерството за правда:** 1)Тој што со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година. 2) **Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено при вршење родово базирано насилство врз жените, насилство врз жените** или семејно насилство **или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, попреченост или бременост, сторителот** ќе се казни со затвор од шест месеци до три години. 3 )Со казната од ставот (2) на овој член ќе се казни тој што делото од став (1) на овој член ќе го стори **спрема адвокат, лекар или друг здравствен работник, новинар или друг медиумски работник или друго лице што врши работи од јавен интерес при вршењето на професионалните задачи или во врска со вршењето на професионалните задачи кои ги презема во рамките на своите овластувања**. 4) Ако делото од ставот (1) на овој член го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. 5)Гонењето за делото од ставот (1) на овој член се презема по приватна тужба. 6) **Обидот на делата од ставовите (2) и (3) на овој член е казнив. “**

**Дополнување: Постои согласност за предложените измени, со дополнителен предлог за предвидување на повисоки казни и за основното дело и со квалификаторните облици на основното дело.**

## Чл.140 Противправно лишување од слобода се менува став 2

**Како е моментално регулирано во КЗ:** 1)Тој што друг противправно ќе затвори, ќе го држи затворен или на друг начин ќе му ја одземе или ограничи слободата на движење, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.(2) Ако делото од став 1 е сторено при вршење семејно насилство, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

**Предлог измена на Министерството за правда:** „(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено **при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена** или семејно насилство или **од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, попреченост или бременост**, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.“

**Дополнување: Постои согласност за предложените измени, со дополнителен предлог за предвидување на повисоки казни и за основното дело и за квалификаторните облици на основното дело.**

**Чл.144-а Предлог ново кривично дело ДЕМНЕЊЕ**

**Предлог дополнување од Министерството за правда:** 1)Тој што повторено неовластено ќе следи, прогонува или на друг начин се меша во личниот живот на друг, или со него воспоставува или настојува да воспостави од него несакан контакт со движење во просторот каде се наоѓа тоа лице, со злоупотреба на користење на личните податоци, со користење на **средства за комуникација**, или на друг начин психички го злоставува, вознемирува или застрашува и со тоа ќе предизвика чувство на несигурност, вознемиреност или страв за неговата сигурност или сигурноста на нему блиско лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.2)Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено спрема лице со кое сторителот е или бил во интимна врска или спрема дете,ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.3)Гонењето за делото од ставот (1) на овој членсе презема по предлог.“

**Дополнување: ГОи се согласуваат со предлогот за воведување на ново кривично дело Демнење, со едно дополнување на предложената дефиниција, односно јасно предвидување на електронските средства за комуникација како начин за вршење на кривичното дело.**

**Воведување на ново кривично дело - Психичко насилство во ГЛАВА XV Против слободите и правата на човекот и Граѓанинот**

**ГОи предлагаат воведување на ново кривично дело Психичко насилство согласно Истанбулската Конвенција во која е дефинирано во Член 33 –** ***Психичко насилство „Страните гипреземаат потребните законодавни или други мерки за да обезбедат дека намерното однесување кое сериозно го нарушува психичкиот интегритет на некое лице со употреба на присилба или закана се инкриминира.”.***

**Дополнување: Нов член е потребен зашто МВР и судовите не водат статистика ако делото не е регулирано со посебен член. Па оттаму нема да може да се известува кон ГРЕВИО/Совет на Европа и кон ЕУ, обврска што државата ја има преземено. Дополнително, психичкото насилство е една од најчестите форми на насилство врз жени, е придружна форма на сите други форми на родово базирано насилство (физичко, сексуално, демнење итн), а долгорочната изложеност на оваа форма остава сериозни последици врз физичкото и психичкото здравје на жртвата, последици за кои е потребен долготраен третман, и последици кои во одредени случаи се непоправливи, односно се трајни.**
**Дефиницијата за психичко насилство треба да биде усогласена со Законот за превенција и**

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство
Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk
ПЛАТФОРМА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

**спречување на насилство врз жени и семејно насилство "Психичко насилство е секое однесувањесо употреба на присилба, заплашување или закана, кое предизвикува чувство на страв, загрозеност, вознемиреност или повреда на достоинството и психичкиот интегритет на жртвата“ и истото би гласело:**

**Нов член 144-б**
**Психичко насилство**

**(1) Тој кој со психичко насилство и намерно, повторливо заканувачко однесување насочено кон друго лице, кое предизвикува нарушување на психичкиот интегритет на личноста ќе се казни со казна од 6 месеци до 1 година затвор.**
**(2) Гонењето на делото од ставот (1) на овој член се превзема по службена должност.**

## Чл.186 - Силување се менува насловот и членот во целост

**Како е моментално регулирано во КЗ:** (1)Тој што друг со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, ќе го присили на обљуба, ќе се казни со затвор од три до десет години.(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено врз дете кое наполнило 14 години сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години. (3) Ако поради делото од став 1 настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.(4) Тој што друг ќе присили на обљуба со сериозна закана дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би му наштетило на неговата чест и углед или дека ќе предизвика друго тешко зло, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. (5) Тој што во случаите од ставовите 1, 2 и 3 ќе изврши само друго полово дејствие, ќе се казни за делото од став 1 со затвор од шест месеци до пет години, за делото од став 2 со затвор од една до десет години, а за делото од став 3 со затвор од три месеци до три години.

**Предлог измена на Министерството за правда - Полов напад и силување**

(1) Тој што **без јасно изразената согласност на друг проценета во контекст на околностите на случајот, врз него ќе изврши полов однос или друго со него изедначено полово дејствие, што се состои во вагинална, анална или орална пенетрација со било кој дел од телото или предмет, или ќе наведе друго лице без неговата согласност да изврши полов однос или друго полово дејствие со трето лице, или да изврши полово дејствие врз себе си, ќе се казни со затвор од една до осум години**.

**(2)** Ако делото од ставот (1) на овој член е **сторено со дете кое наполнило 15 години, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку три години.**

**(3)** Ако делото од став (1) на овој **член е сторено со примена на сила или закана врз друг дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско**

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство
Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk
ПЛАТФОРМА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

**лице, сторителот ќе се казни со затвор од три до десет години.**

(4) Со казната од ставот (3) на овој член ќе се казни и тој што делото од ставот (1) ќе го изврши врз друг со **сериозна закана дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би му наштетило на неговата чест и углед или дека ќе предизвика друго тешко зло**.

**(5)** Ако делото од ставовите (3) и (4) на овој член е сторено **врз дете кое наполнило 15 години, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.**

**(6)** Ако поради делото од ставовите од (1) до (5) на овој член **настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин или од омраза, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.**

(7) Тој што во случаите од ставовите (1) до (5) на овој член ќе изврши само друго полово дејствие кое не се состои во вагинална, анална или орална пенетрација, ќе се казни за делото од став (1) на овој член со затвор од шест месеци до три години, за делото од ставот (2) на овој член со казна затвор од една до три години, за делото од ставовите (3) и (4) на овој член со казна затвор од една до пет години, и за делото од ставот (5) на овој член со казна затвор од една до десет години.

**Дополнување: Постои генерална согласност за предложената дефиниција, со неколку дополнувања.**

**Во ставот 1 (еден) да се додаде зборот доброволно и да гласи „Тој што без доброволно и јасно изразена согласност...“. Доброволност како термин е во согласност со Истанбулската Конвенција, во која *,, Согласноста мора да биде дадена доброволно како резултат на слободна волја на лицето, проценета во контекст на опкружувачките околности”***

При гонење на случаите на силување ќе треба да се прави детална проценка на доказите од случај до случај, со цел да се утврди дали жртвата слободно дала согласност за сексуалниот акт или не. **Согласноста не треба да се смета дека е дадена доколку жртвата е под присила, закана, принуда, тогаш кога не способна да ја даде ниту пак согласноста значи дека е дадена доколку жртвата молчи.** Одлуката на ЦЕДАВ Комитетот Karen Tayag Vertido v The Philippines од 2010 година исто така предвидува некои насоки и упатства за утврдување на тоа дали во еден конкретен случај согласноста е дадена или не. **Комитетот препорачува тужената држава да бара дали постои недвосмисленост и доброволност.**

**<u>Компаративно, Кривичниот законик на Шведска предвидува дека е потребна доброволна согласност од страна на жртвата.</u>**

Во првата глава на шестото поглавје од Кривичниот законик на Шведска е предвидено:
*„Лице кое врши сексуален однос или друг сексуален чин кој е налик на сексуален однос, со лице кое доброволно не учествува во тоа, е виновен за силување за што е предвидена казна затвор од најмалку две и најмногу шест години. При проценка дали согласноста била дадена доброволно или не, треба да се земе предвид дали таа била изразена со зборови, со дело или на некој друг начин.*

Ги има и двата елементи – доброволност и јасно изразена согласност.

**ГОи предлагаат додавање на уште еден став во насока на подобро препознавање на вршењето на делото кое е сторено од интимен сегашен или поранешен партнер и/или брачен/вонбрачен другар. Праксата покажува дека жените најмалку го пријавуваат овој вид на насилство сторено од лице со која била или е во блиски интимни односи. Не само што не го пријавуваат, туку и многу тешко го препознаваат како кривично дело кое можат да го пријават и да добијат системска заштита иако и постоечкото кривично дело силување никаде не го исклучуваат гонењето за к.д. силување независно од блиските лични и интимни односи меѓу жртвата и сторителот. Поради блискоста и довербата која ја имаат партнерите или ја имале сметаме дека казните за ова дело треба да бидат определени на следниот начин:**

**„Ако делото од ставовите (1) и (3) на овој член е сторено од страна на сегашен или поранешен брачен или вонбрачен другар, или интимен партнер, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку три години за став (1), односно најмалку пет години за став (3)."**

## Чл.187- Обљуба врз немоќно лице се менува насловот и членот во целост

**Како е моментално регулирано во КЗ:** (1) Тој што врз друг ќе изврши обљуба, злоупотребувајќи го душевното заболување, душевната растроеност, немоќта, заостанатиот душевен развој или друга состојба поради која тоа лице е неспособно за отпор, ќе се казни со затвор најмалку осум години.(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено врз дете кое наполнило 14 години сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.(3) Ако поради делото од став 1 и став (2) настапила тешка телесна повреда, смрт или друга тешка последица или делото е сторено од страна на повеќе лица, на особено суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.(4) Тој што во случаите од ставовите 1 и 2 ќе изврши само друго полово дејствие, ќе се казни за делото од став 1 со затвор од три до пет години, а за делото од став 2 со затвор од три до десет години.

**Предлог измени на Министерството за правда: Полова злоупотреба на немоќно лице. 1)** Тој што ќе изврши **полов однос или друго со него изедначено полово дејствие што се состои во вагинална, анална или орална пенетрација со било кој дел од телото или предмет, или ќе го наведе да изврши полов однос или друго полово дејствие со трето лице, или да изврши полово дејствие врз себе си, злоупотребувајќи го** душевното заболување, душевната растроеност, немоќта, заостанатиот душевен развој, физичката попреченост или друга состојба на немоќ на тоа лице, ќе се **казни со затвор од најмалку четири години.** 2)Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено **спрема дете кое наполнило 15 години**, сторителот, ќе се казни со затвор од **најмалку осум години**. 3)Ако делото од ставот (1) на овој **член е сторено со примена на сила или закана врз друг дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, сторителот ќе се казни за делото од ставот (1) на овој член со затвор од најмалку пет години, а за делото од ставот (2) на овој член со најмалку десет години**.4)Ако поради делото од ставовите

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство
Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk
ПЛАТФОРМА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

(1), (2), (3) на овој член настапила тешка телесна повреда, смрт или друга тешка последица или делото е сторено од страна на повеќе лица на особено суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор. 5)Ако сторителот на делото од ставовите (1), (2), (3) на овој член изврши само друго полово дејствие кое не се состои во вагинална, анална или орална пенетрација, **ќе се казни со затвор од една до пет години**.

**Заклучок: ГОи начелно се согласни со предложената измени но сметаа дека дел од терминологијата е сосема несоодветна**, особено поради фактот што е ратификувана Конвенција за унапредување на правата на лицата со попреченост, па термините како заостанат душевен развој, душевното заболување, душевната растроеност се спротивни на Конвенцијата, а ставање само на физичка попреченост ги исклучува останатите попречености кои мора да бидат опфатени. Особено значајно изменувањето на овој член и поради фактот што лицата со попреченост, особено жените со попреченост се посебно препознаени како категорија која е повеќекратно дискриминирана и во поголем ризик од насилство и самото тоа е истакнато во член 6 од Конвенцијата.

*„Член 6 е обврзувачка одредба за недискриминација и еднаквост која недвосмислено ја забранува дискриминацијата врз жените со попреченост и промовира еднаквост на можностите и еднаквост на исходот. Жените и девојчињата со попреченост е поверојатно да бидат дискриминирани отколку мажите и момчињата со попреченост, како и жените и девојчињата без попреченост"*

**Согласно ова предлагаме чл.189 да гласи:**
**1)**Тој што ќе изврши **полов однос или друго со него изедначено полово дејствие што се состои во вагинална, анална или орална пенетрација со било кој дел од телото или предмет, или ќе го наведе да изврши полов однос или друго полово дејствие со трето лице, или да изврши полово дејствие врз себе си, злоупотребувајќи ја состојбата на попреченост и / или** немоќта на лицето, ќе се **казни со затвор од најмалку четири години .** 2)Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено **спрема дете со и без попреченост кое наполнило 15 години**, сторителот, ќе се казни со затвор од **најмалку осум години**. 3)Ако делото од ставот (1) на овој **член е сторено со примена на сила или закана врз друг дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, сторителот ќе се казни за делото од ставот (1) на овој член со затвор од најмалку пет години, а за делото од ставот (2) на овој член со најмалку десет години**.4)Ако поради делото од ставовите (1), (2), (3) на овој член настапила тешка телесна повреда, попреченост, смрт или друга тешка последица или делото е сторено од страна на повеќе лица на особено суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор. 5)Ако сторителот на делото од ставовите (1), (2), (3) на овој член изврши само друго полово дејствие кое не се состои во вагинална, анална или орална пенетрација, **ќе се казни со затвор од една до пет години.**

**Дополнително дефинирањето на лица со попреченост треба да биде во согласност со член 1 став 2 од Конвенцијата и истото да се опфати во чл.122-Поимник со додавање на нов став.**

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство
Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk

ПЛАТФОРМА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

**Чл.190-а- Полово вознемирување -Се воведува ново кривично дело**

**Предлог дополнување на Министерството за правда:** „(1) Тој што со вербално или физичко дејствие кое има директно или индиректно, реално или симболично значење на наведување, непристојна понуда, намамување, изразување полова страст или друго дејствие кое јасно потсетува на полов однос или други со него изедначени полови дејствија, ќе вознемири лице кое му е подредено или спрема него се наоѓа во однос на зависност, друго лице на работа или на јавно место или лице што е ранливо поради возраст, болест, попреченост, зависност од дроги, бременост или тешки телесни или душевни пречки, и со тоа ќе го повреди неговото достоинство, предизвикувајќи чувство на непријатност, навреденост, понижување или страв, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година. (2) Гонењето на делото од ставот (1) на овој член на овој член се презема по предлог."

**Дополнување: ГОи се согласуваат со предлогот на Министерството за правда за воведување на ново кривично дело, но потребни се терминолошки усогласувања. Имено, „Полово" вознемирување секаде низ текстот на законот треба да се замени со „сексуално" вознемирување, со цел усогласување на законот со постоечката андискриминациска правна рамка – Законот за спречување и заштита од дискриминација (член 10 став 2); усогласување со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (член 3 став 1 точка 19) и други постоечки закони. Нашата држава има обврска да го усогласи домашното законодавство со Истанбулската конвенција, вклучително и овој Закон.**

**Согласно ова ГОи предлагаат дефиницијата за сексуално вознемирување да биде согласно дефиницијата во Истанбулската Конвенција и тоа:**
**„Сексуално вознемирување е секоја форма на несакано вербално, невербално или физичко однесување од сексуална пригода, со цел или последица повреда на достоинството на лицето, особено кога се создава заплашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива средина е предмет на кривична санкција."**

**ГОи предлагаат и воведување на нов член 190-б кој се однесува на Сексуално вознемирување преку интернет**
**Да се регулира и сексуалното вознемирување преку интернет, социјални медиуми и преку други средства за електронска комуникација и за истото да бидат предвидени соодвени казни.**

**Дополнување:** Потребно е да се инкриминира сексуалното вознемирување преку интернет како посебно кривично дело со цел хармонизирање на нашето законодавство со ЕУ. Европската унија во однос на овие случаи (како демнење, сексуално вознемирување преку интернет и сл.) потенцира на недостаток од навремена реакција на институциите и јазови во правната рамка на државата[1], односно отсуството на јасни одредби во Кривичниот закон за инкриминација на родово-базираното насилство, вклучително и онлајн. (https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/north-macedonia-report-2021_en).

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство
Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk



Дополнително, инкриминирање како посебно кривично дело е потребно и за собирање на разделени статистички податоци за жртвите на овој вид на к.д., а со цел државата да има преглед на бројот на вакви случаи, постапувањето на институциите во овие случаи, како би знаела кои мерки да ги преземе за превенција и елиминирање на овој вид на насилство со цел заштита на жртвите. Доколку остане само основното дело сексуално вознемирување, жртвите на онлајн вознемирување ќе бидат изедначени со жртвите на овој вид на насилство на јавен простор, работно место и сл што остава и простор за непостапување и/или несоодветно постапување од страна на институциите. Според последниот тематски извештај ,,за кого интернетот не е безбедно место" клучни наоди и препораки од тематскиот извештај се:

Меѓународните стандарди не поставуваат експлицитна правна основа за дигиталното родово-базирано насилство, иако постои и е дефинирано во поновите прописи, како што се Истанбулската конвенција и генералната Препорака 35 на CEDAW.

На ниво на ЕУ се предлага **нова директива за дигитални услуги** со која се отвора простор за санкционирање на насилството во онлајн просторот преку поригорозно регулирање на содржината на онлајн платформите.

**(Позитивни пракси)**

На ниво на Европа, проблемот со дигитално родово базирано насилство е горлива тема, а добрите практики претежно произлегуваат од активист(к)ите за женски и човекови права, научните истражувања и граѓанскиот сектор.

Во држави како што се Велика Британија и Португалија се воспоставени иницијативи и сервиси за заштита на жртвите и едукација (на пример СОС линии, апликации, психолошка поддршка), како и стратегии за само-заштита кои се базираат на добро познавање и искористување на дигитални алатки.

Во државите од регионот (Албанија) ова прашање се отвора во јавната дебата и клучни иницијативи се на повидок. Целиот извештај е достапен на следниот линк